

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

# ИНИЦИЈАТИВА ОТВОРЕН ГРАД







## ШТО е „Отворен град"?

За да можат граѓаните да ги почувствуваат придобивките од отворените податоци, градовите во денешно време треба да прават многу повеќе од единствено отворање на своите податоци. Градските власти треба заеднички да работат со граѓаните и да ги користат отворените податоци за решавање на локалните проблеми и предизвици.

Иницијативата **„Отворен град"** има за цел да ги трансформира градовите (локалните самоуправи) во потранспарентни, отворени и достапни организации, кои се во постојан контакт со граѓаните и кои одговараат на нивните потреби.

Иницијативата **„Отворен град"** треба да им ги олесни можностите на членовите на локалните заедници да користат отворени податоци со цел подобрување на квалитетот на живеење.

Иницијативата **„Отворен град"** ќе им помогне на локалните самоуправи низ целата земја да бидат потранспарентни, одговорни, иновативни и партиципативни во нивното работење.

Отворената влада на локално ниво е значаен дел за постигнување на оваа визија. Локалните власти треба да им овозможат на жителите поголем пристап до информации, технологии и партиципативно работење со цел демонстрирање на култура на одговорност, чесност и соработка.

Во денешно време сеуште голем број на граѓани не можат целосно да учествуваат во градењето на локалните политики и носењето на значајни одлуки. Како резултат на ова, распределбата на јавните ресурси и испораката на јавни услуги честопати не ги одразуваат потребите на најранливите заедници во градовите.

Иницијативата **„Отворен град"** се стреми да изгради поправични и инклузивни локални заедници.

Иницијативата **„Отворен град"** треба да им помогне на градските власти и на граѓаните:

- Да го олеснат и поттикнат користењето на отворените податоци во заедницата
- Да ги идентификуваат информациите и податоците кои недостасуваат и да ги поттикнат истите да ги објават во формат кој е корисен за членовите на заедницата
- Да осознаат како локалните власти да станат рамноправен партнер со жителите во искористувањето на отворените податоци за подобрување на квалитетот на живеење во заедницата

# ЗОШТО „Отворен град"?

## „ОТВОРЕН ГРАД" ПРИДОНЕСУВА КОН:

- испорака на поквалитетни и поефикасни услуги за граѓаните
- подготовка и имплементација на поквалитетни и порелевантни проекти за локалната заедница
- навремено и точно информирање на граѓаните
- зголемена доверба кон институциите на локалната власт
- подобрување на квалитетот на живеење во градовите

# КАКО до „Отворен град"?

Отворен град е модел за унапредување на работењето на градовите преку креирање на нова, подемократска локална инфраструктура на отвореност и партнерство со сите кои имаат удел во работењето и создавањето на подобра иднина во градовите: индивидуалните жители, организациите во заедницата, градската администрација, креаторите на политики и меѓународните партнери. Ова треба да се постигне преку:

- Создавање култура на отвореност во општинските совети
- Поттикнување на отворено владеење во градовите
- Овозможување подобар пристап на граѓаните до градските информации. Во оваа насока, значајно е граѓаните не само да имаат пристап до податоците од отворен карактер, туку и да можат да разберат како овие податоци се поврзани со нивните потреби и проблеми
- Унапредување на знаењето за Отворена влада на жителите на градот за да можат подобро да ги разберат нивните права за пристап и користење на општинските и владините информации
- Поттикнување на употребата на технологијата за потранспарентно и партиципативно работење на градските власти
- Креирање на упатства и стандарди за отворено владеење
- Преземање на мерки за борба против корупцијата




Овој леток е подготвен од Фондација Метаморфозис во рамки на Проектот за граѓанско учество со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој леток не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.